# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

**Службен весник на РМ, бр. 53 од 14.04.2011 година**

**Член 1**

Во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 142/2008, 64/2009, 156/2009 и 166/10), во членот 10 став (1) точка 15 зборовите: „на начин пропишан од министерот за финансии во согласност со министерот за здравство и министерот за труд и социјална политика" се бришат.
Ставот (2) се брише.

**Член 2**

По членот 10 се додаваат два нови члена 10-а и 10-б, кои гласат:

**„Член 10-а**

(1) Граѓанин кој не е дефиниран како обврзник за плаќање на придонес по една од основите од членот 10 став (1) точки од 1 до 14 на овој закон, правата од здравствено осигурување ги остварува, доколку во претходната календарска година остварил приход кој не е поголем од 132.000 денари.
(2) Граѓанинот кој не е дефиниран како обврзник за плаќање на придонес по една од основите од членот 10 став (1) точки од 1 до 14 на овој закон, правата од здравствено осигурување во тековната година може да ги оствари и доколку во претходната календарска година остварил приход поголем од приходот утврден во ставот (1) на овој член но не поголем од 264.000 денари, а во претходните два месеца остварил вкупен приход помал од 22.000 денари.
(3) Во износите од ставовите (1) и (2) на овој член спаѓаат приходите на сите членови на семејството, согласно со Законот за здравственото осигурување и истите не ги опфаќаат приходите остварени по основ на:
1) награди што ги доделуваат меѓународните организации, награди за животни достигнувања во науката, културата и спортот, стипендии и кредити на ученици и студенти што ги доделуваат органите на државната управа и фондации во согласност со закон, награди на ученици и студенти за време на задолжителна практична работа и обука, награди на ученици и студенти освоени на натпревари во рамките на образовниот систем, награди на спортисти за постигнати резултати на официјални меѓународни натпревари и стипендии за спортисти;
2) надоместок на лицата волонтери согласно со Законот за волонтерство;
3) детски додаток, посебен додаток за дете, еднократна парична помош за новороденче и родителски додаток;
4) надоместок во случај на смрт;
5) помош за претрпени штети од елементарни непогоди;
6) права на парична помош од социјална заштита утврдени согласно со Законот за социјалната заштита;
7) надоместок за телесно оштетување;
8) надоместок на штета по основ на осигурување на живот и имотни осигурувања;
9) алиментации и надоместоци на штета по судска одлука и надоместок на штета како последица на несреќа при работа и
10) надоместоци по основ на невработеност, обука, преквалификација, доквалификација и практиканство на невработени лица.
(4) Износите од ставовите (1) и (2) на овој член се усогласуваат на годишно ниво

со порастот на платите во претходната календарска година.
(5) Граѓанинот кој не е дефиниран како обврзник за плаќање на придонес по една од основите од членот 10 став (1) точки од 1 до 14 на овој закон правата од здравствено осигурување ги остварува согласно со прописите од областа на здравственото осигурување и врз основа на поднесена изјава за остварени приходи, на пропишан образец.
(6) Формата и содржината на образецот на изјавата од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

**Член 10-б**

(1) Граѓаните кои не се дефинирани како обврзници за плаќање на задолжителен придонес за здравствено осигурување според членовите 10 и 10-а на овој закон, можат да станат обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување заради користење на правата на здравствени услуги дефинирани во законот кој го уредува системот на здравствено осигурување, врз основа на поднесена изјава за остварени приходи, на пропишан образец.
(2) Формата и содржината на образецот на изјавата од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии."

**Член 3**

Во членот 13 став (1) точка 3 зборовите: „10 став 2" се заменуваат со бројот „10-б".

**Член 4**

Во членот 14 став (1) точка 3 зборовите: „и лицето од членот 10 став (2) на овој закон" се заменуваат со зборовите: „и лицата од членот 10-б на овој закон кои оствариле приход поголем од 182.000 денари во претходната календарска година".
Во точката 14 по алинејата 7 се додава нова алинеја 8, која гласи:
„- лицата од членот 10-б кои оствариле приход во износ од 132.000 до 182.000 денари во претходната календарска година."
По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:
„Износите од ставовите (1) точка 3 и (1) точка 14 алинеја 8 на овој член се усогласуваат на годишно ниво со порастот на платите во претходната година."

**Член 5**

Министерот за финансии ќе ги донесе подзаконските акти предвидени со овој закон во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 6**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Член 7**

Во членот 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 166/10) датата „1 јули 2011 година" се заменуваат со датата „1 септември 2011 година".

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 септември 2011 година.